ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 36 став 1 алинеа 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РСМ" бр.5/02), член 22 став 1 алинеа 47 и член 60-г од Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), член 5 од Одлуката за формирање на локален младински совет ("Службен Гласник на Општината Битола" бр.6/21) а во врска со член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/20) а врз основа на Записник од Комисијата за мандатни прашања, избори и именување бр.0910-137/2 од 01.11.2024 година и бр.0910-145/2 од 14.11.2024 година, Претседателот на Советот на Општина Битола го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## за избор на членови на Иницијативен одбор за формирање на Локално собрание на млади на Општина Битола

1. Се формира Иницијативен одбор за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Битола. За членови на Иницијативниот одбор се избрани:

- Михаил Милевски (ЛК СДММ Битола)
- Мартин Ивановски (УМС ВМРО ДПМНЕ Битола)
- Викторија Брдаровска (ПРО ЛОКАЛ - Битола)
- Кристијан Велјановски (Организација на млади на ПОДЕМ Битола)
- Марко Илкановски (Младинска асоцијација ИМКА Битола)

2. Иницијативниот одбор е неформална група која има цел да се консултираат младите и да се застапат нивните интереси во формирањето на Локалното собрание на млади.

Бројот на членови во Иницијативниот одбор е пет и единствено тие членови имаат за задача да го формираат Локалното собрание на млади. Времетраењето на Иницијативниот одбор е краткорочно и завршува со конституирањето на Локално собрание на млади.

Работата на истото се координира и помага од службеникот за млади во Општина Битола.

3. Иницијативниот одбор во својата работа е должен да ги почитува Законот за младинско учество и младински политики („Службен Весник на РСМ" бр.10/20) и Статутот на Општина Битола („Службен Гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21).

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија

тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

4. Ова Решение влегува на сила со денот на неговото донесување.

**Правна поука**: Против ова Решение незадоволната страна има право на тужба во рок од 30 дена од приемот до Управниот суд.

Бр. 09-146/12
14.11.2024год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола

Габриела Илиевска